

***Александар ДОНСКИ***

Неодамна во издание на Македонското литературно друштво „Григор Прличев“ од Сиднеј со Претседателот Душан Ристевски излезе од печат монографијата „ТОПОЛЧАНИ НИЗ ИСТОРИЈАТА“ од авторот Љубен Шиклески.



Љубен Шиклески е роден на 25.04.1930 година во с. Тополчани, околија Прилепска. Основното образование го завршува во родното Тополчани во 1945 година, а Учителска школа завршува во Битола во 1949 година. Во учебната 1949 – 1950 година стапува на должност како наставник во село Стровија, а следната учебна година (1950 и 1951) и во село Бешиште.

Потоа го продолжува образованието и во 1953 година завршува Виша Педагошка школа, група географија и историја. Во учебната 1953 – 1954 година стапува на должност како наставник во село Ропотово

Потоа заминува во ЈНА во Школата за резервни офицери во Сараево (од 1954 до 1955 година), а по враќањето од војска е поставен за директор на осмолетката во с.

Тополчани (од 1955 до 1958 година). Како наставник во осмолетката „Кочо Рацин“ во Прилеп, работи од 1958 до 1992 година, сè до заминувањето во пензија.

Во 1948 година како ученик во учителската школа во Битола, учествувал во Сојузната младинска акција за изградба на ХЦ „Маврово“, каде добива пофалница за пожртвувана работа.

Во 1951 година, како учител во с. Бешиште, како награда по синдикална линија користи 21 ден бесплатен одмор во Вараждинске Топлице, Хрватска.

Како студент во 1952 година втор пат учествува на Сојузната младинска акција ХЦ „Маврово“ каде станува ударник.

Во осумгодишното училиште „Кочо Рацин“ Прилеп, за постигнати значајни резултати на полето на образованието и воспитанието на 29.11.1976 добива посебно Уверение.

На 24.5.1987 година заради постигнатите значајни резултати во остварувањето на целите и задачите во воспитанието и образованието Републичкиот педагошки совет во Скопје на Љубен Шиклески му доделува диплома и звање Истакнат педагошки работник.

Монографијата „ТОПОЛЧАНИ НИЗ ИСТОРИЈАТА“ Шиклески почнал да ја создава уште во далечната 1954 година. Таа претставува сеопфатна студија за севкупниот живот во Тополчани и во неа, на 225 страници во Б5 формат, е презентиран детален опис и преглед на сите аспекти од битисувањето на ова село, кое до 2006 година беше децениско седиште на истоимената општина.

Така, на пример, во книгата е направен преглед на историјатот на Тополчани, почнувајќи уште од предисторијата, преку античкиот и средновековниот период, илинденскиот период и времето на НОБ, па сè до повоениот период, т.е. до денешно време.

Авторот Љубен Шиклески направил детален осврт и на дејствувањето на странските пропаганди во Тополчани на крајот од 19 и почетокот на 20 век. Притоа нуди и сведоштва, но и многу интересни писма кои ги открил во архивите, во кои некои македонски војводи им пишуваат на селаните во Тополчани дека тие не се ни срби ни Бугари, туку Македонци. Овие писма и денес имаат непроценлива историска вредност во полза на македонската кауза.

Во монографијата „ТОПОЛЧАНИ НИЗ ИСТОРИЈАТА“ авторот Љубен Шиклески прави и детален осврт на местоположбата, како и на климатските, релјефните и хидрографските одлики на Тополчани. И сето тоа е педантно поткрепено со статистички податоци кои самиот ги истражувал кои се презентирани на табели кои самиот ги изработил.

Во книгата е претставен и опис на куќите во селото и на животот во нив во блиското минато, а даден е опис и на сите позначајни јавни објекти и нивното значење во минатото и денес.

Објавени се и детални податоци за школството, здравството, електрификацијата, сообраќајот, образованието и културниот живот на Тополчани, како и за земјоделството, сточарството и другите основни занимања на жителите на Тополчани.

Посебно интересни се сеќавањата на авторот Љубен Шиклески од времето на Втората светска војна и НОБ и соработката на неговото семејство со партизаните, но и за други важни настани за животот во село Тополчани.

На крајот ќе кажеме дека секој жител на село Тополчани и секој што потекнува од ова село, а денес живее на друго место, треба да ја набави оваа книга, која претставува капитално и неповторливо дело за севкупниот живот на познатото село Тополчани.


Љубен ШИКЛЕСКИ
ТОПОЛЧАНИ НИЗ ИСТОРИЈАТА
МОНОГРАФИЈА ЗА СЕЛО ТОПОЛЧАНИ
Ljuben SHIKLESKI
TOPOLCHANI THROUGHOUT THE HISTORY
MONOGRAPHY FOR THE VILLAGE TOPOLCHANI

[illegible]